ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, јануари 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: / Ë pranuar: | 15. 01. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број / Numer | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 08 | 2251/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски
Мике Лефков
Драгана Бојковска
Никола Коњановски
Бранe Петрушевски
Тони Јаревски

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија бр. 158/10, 64/12, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18" и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21 и 74/24), се уредуваат организацијата и работата на Народната банка, задачите и овластувањата на Народната банка од денот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската унија и задачите и овластувањата на Народната банка по воведувањето на еврото како парична единица во Република Северна Македонија.

Народната банка на Република Северна Македонија е централна банка, воспоставена со Уставот како самостојна институција, одговорна за стабилноста на валутата, за монетарната политика и за општата ликвидност на плаќањата, со основни цели - постигнување и одржување на ценовната стабилност, придонес кон постигнување и одржување на финансиската стабилност и поддршка на општата економска политика.

Од вака поставените цели на Народната банка, од клучна важност е одржувањето на нејзината финансиска стабилност од која зависи и монетарната и вкупната макроекономска политика и стабилност на земјава.

Моменталното законско решение за распределба на добивката не овозможува зајакнување на капиталот и општите резерви на Народната банка. Имено, од 2015 година па наваму, дури 70% од добивката на Народната банка е распоредувана во специјални резерви кои достигнаа износ од речиси 27 милиони евра кои на ниту еден начин не влијаат за зајакнување на капиталот и општите резерви и се спротивни на препораките на меѓународните организации за зајакнување на капиталот и општите резерви. Распределбата на добивката од 70% во специјални резерви од 2015 година па наваму, а само околу 5-10% (во просек) во општи резерви, придонесе Народната банка заклучно со 30 септември 2024 година да располага само со 11 милиони евра општи резерви со што е доведена во прашање нејзината финансиска стабилност. Притоа, во случај на зголемени трошоци во иднина поради затегнување на монетарната политика, би дошло до исцрпување на општите резерви и би иницирало итна докапитализација со средства од Буџетот.

Од овие причини, се предлагаат изменувања на Законот за Народната банка во делот на резервите и распределбата на добивката во насока на обезбедување на поголема финансиска стабилност на Народната банка преку распределба на добивката во општи резерви во повисок утврден фиксен процент од 30%, наместо досегашните 5-10% годишно. Со ова, нивото на општите резерви би имале забрзано зголемување во иднина, а со тоа и зајакнување на стабилноста на Народната банка, а остатокот би се распределувал во Буџетот.

Истовремено, а во насока на дополнително јакнење на општите резерви, се предлага износот од специјалните резерви кои не влијаат за зајакнување на основниот капитал и општите резерви да се пренесе на општите резерви. На овој начин, нивото на општите

резерви, кои се клучни во случај на зголемени трошоци во иднина поради евентуално затегнување на монетарната политика, би се зголемиле од сегашните 11 милиони евра на 39 милиони евра, што би значело дека истите би биле двојно повисоки од износот на капиталот на Народната банка. Со ова, тековното ниво на општите резерви и капитал во однос на монетарните обврски на Народната банка би се зголемиле двојно, од тековните 1% (приближно) на 2%.

Имајќи во предвид дека со зголемувањето на моменталното ниво на општите резерви, како и со давањето на законска можност за зголемување на делот од добивката која ќе се издвојува во општите резерви во иднина, ќе се влијае на зголемување на финансиска стабилност на Народната банка, го предлагаме овој Предлог на закон.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Основна цел на овој Предлог на закон е обезбедување на поголема финансиска стабилност на Народната банка преку зголемување на тековното ниво на општите резерви и распределба на добивката во општи резерви во повисок утврден фиксен процент од 30%, наместо досегашните 5-10% годишно.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства. Предлогот на закон за изменување на Законот за Народната банка на Република Северна Македонија не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија бр. 158/10, 64/12, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18” и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 110/21 и 74/24), во член 13 во ставот (1) зборовите „општи, ревалоризациски и специјални” се заменуваат со зборовите „општи и ревалоризациски”.

Ставот (4) се брише.

Член 2

Членот 15 се менува и гласи:

„(1) Во рок од четири месеци по завршувањето на финансиската година, Советот на Народната банка го распределува финансискиот резултат за распределба на следниов начин:

1) 30% во општите резерви до постигнување на нивото на основниот капитал од членот 12 став (1) од овој закон, односно 15% по достигнување на нивото на основниот капитал од членот 12 став (1) од овој закон, а

2) остатокот во Буџетот на Република Северна Македонија.

(2) Распределба на приходите на Народната банка може да се врши само на начин утврден во ставот (1) на овој член.

(3) Во рок од четири месеци по завршувањето на финансиската година, Советот на Народната банка донесува одлука за покривање на загубата за финансиската година од членот 14 став (2) од овој закон, која се покрива од општата резерва.

(4) Ако загубата е поголема од нивото на општата резерва, износот над нивото се покрива од добивката во наредните години, при што истата најнапред се користи за покривање на загубите од претходните години до нивното целосно покривање, а потоа се распределува согласно ставот (1) на овој член.”.

Член 3

Во член 47 во став (1) точката 9-а) се брише.

Член 4

(1) Износот на специјални резерви формирани согласно член 13 став (4) од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија бр. 158/10, 64/12, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18” и „Службен весник на

Република Северна Македонија” бр. 110/21 и 74/24), се пренесува на сметката на општи резерви во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Во рокот утврден во ставот (1) на овој член, Народната банка не може да ги користи специјалните резерви.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со член 1 од Предлогот на закон се определува видот на резерви кои ги формира Народната банка на Република Северна Македонија.

Со член 2 се предлага во рок од четири месеци по завршувањето на финансиската година, Советот на Народната банка да го распределува финансискиот резултат за распределба на следниов начин: 30% во општите резерви до постигнување на нивото на основниот капитал од членот 12 став (1) на овој закон, односно 15% по достигнување на нивото на основниот капитал од членот 12 став (1) на овој закон, а остатокот во Буџетот на Република Северна Македонија.

Со член 3 се усогласуваат одредбите од Предлогот на законот.

Со член 4 се уредуваат преодни и завршни одредби.

Со член 5 се уредува влегувањето во сила на законот.

## II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани и сочинуваат правна целина.

## III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлог на закон ќе се обезбеди поголема финансиска стабилност на Народната банка.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ

### Член 13

(1) Народната банка формира општи, ревалоризациски и специјални резерви.

(2) Општата резерва се користи за покривање на загубите на Народната банка.

(3) Ревалоризациските резерви се формираат од нереализираните приходи од курсни и ценовни промени и се користат за покривање на нереализираните расходи од курсни и ценовни промени, при што вкупната вредност на ревалоризациските резерви не може да биде пониска од нула.

(4) Народната банка може, по претходно добиена согласност од Владата на Република Северна Македонија, да формира специјални резерви за покривање на трошоци за однапред предвидени намени. Износот на специјалните резерви го утврдува Советот на Народната банка.

### Член 15

(1) Во рок од четири месеци по завршувањето на финансиската година, Советот на Народната банка ја распределува добивката од членот 14 став (2) од овој закон, на следниов начин:

1) 100% во општата резерва, ако збирот на капиталот и општата резерва е помал од 10% од монетарните обврски на Народната банка и

2) 30% во општата резерва и 70% во Буџетот на Република Северна Македонија, ако збирот на капиталот и општата резерва е еднаков или поголем од 10% од монетарните обврски на Народната банка.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случај на формирани специјални резерви, до достигнувањето на износот утврден согласно со членот 13 став (4) од овој закон, 70% од добивката се распределува во специјалните резерви, а остатокот се распределува согласно со ставот (1) на овој член.

(3) Монетарните обврски од ставот (1) на овој член се вкупните обврски на Народната банка, без обврските кон Владата на Република Северна Македонија, другите органи на државната власт и Меѓународниот монетарен фонд.

(4) Во рок од четири месеци по завршувањето на финансиската година, Советот на Народната банка донесува одлука за покривање на загубата за финансиската година од членот 14 став (2) од овој закон, која се покрива од општата резерва.

(5) Ако загубата е поголема од нивото на општата резерва, износот над нивото се покрива од добивката во наредните години, при што истата најнапред се користи за покривање на

загубите од претходните години до нивното целосно покривање, а потоа се распределува согласно со ставовите (1) и (2) на овој член.

Член 47

(1) Советот на Народната банка ги има следниве овластувања и задачи:

1) ги дефинира и ги усвојува монетарната политика и политиката на девизен курс на Народната банка;

2) го дефинира режимот на девизен курс во согласно со членот 23 од овој закон;

3) ги формулира и донесува политиките на Народната банка во врска со извршувањето на нејзините задачи и усвојува интерни правила за нивна примена;

4) го донесува Контниот план за банките во согласност со закон;

5) ја надгледува примената на политиките и извршувањето на задачите на Народната банка;

6) ги донесува подзаконските прописи од надлежност на Народната банка;

6-а) ја спроведува макропрудентната политика преку утврдување на макропрудентните инструменти и начинот на нивната примена согласно со овој или друг закон;

7) го донесува Статутот на Народната банка;

8) го донесува Етичкиот кодекс за членовите на Советот на Народната банка и за вработените;

9) ги утврдува општите политики и интерни правила поврзани со работењето на Народната банка;

9-а) ги донесува одлуките за износот на специјалните резерви;

10) ги пропишува интерните правила за примена на одредбите во врска со постоење судир на интереси;

10-а) ја донесува Одлуката за утврдување на методологијата за пресметка на висината на годишниот надоместок за вршењето на супервизија над банките и штедилниците, како и начинот на неговата наплата;

11) ја утврдува организацијата на Народната банка, одлучува за систематизацијата на работните обврски на организациските единици, нивните активности и задачи, класификација на работни места и ги утврдува општите услови за вработување, вклучувајќи ги платите и надоместоците на плата, на предлог на гувернерот, согласно со закон и со колективниот договор;

11-а) одлучува за отворање и локација на филијали, претставништва и други организациони делови;

12) и донесува одлуката за објавување интерен оглас за назначување главен внатрешен ревизор и одлуката за избор на главен внатрешен ревизор;

13) ги утврдува обврските за статистичко известување;

14) го донесува годишниот финансиски план на Народната банка;

14-а) го донесува годишниот план за инвестиции на Народната банка;

14-б) го донесува годишниот план за јавните набавки на Народната банка;

15) ги утврдува сметководствените политики на Народната банка и ги одобрува извештаите од членот 62 на овој закон и финансиските извештаи на Народната банка;

16) го избира друштвото за ревизија на Народната банка;

17) одлучува за задолжување на Народната банка и ги определува условите на задолжувањето;

18) ги утврдува видовите на средства од членот 24 став (2) на овој закон кои ги сочинуваат девизните резерви на Република Северна Македонија;

19) ги утврдува видовите на средства во кои Народната банка може да ги инвестира финансиските средства;

20) ги утврдува деноминациите и дизајнот на книжните и кованите пари, како и нивното издавање;

20-а) воспоставува Комитет за ревизија и го утврдува неговиот начин на работа;

21) формира едно или повеќе работни, советодавни и други тела во врска со прашања од негова надлежност и ги дефинира нивните задачи и активности;

22) ги оценува ризиците и донесува планови за непредвидени случаи за тековното работење и безбедноста на Народната банка;

23) одлучува за издавање на ковани пари за колекционерски цели;

24) го донесува деловникот за работа на Советот на Народната банка и

25) донесува акти и врши други задачи утврдени со овој или друг закон.

(2) При извршувањето на овластувањата и задачите членовите на Советот на Народната банка постапуваат исклучиво во интерес на целите и задачите на Народната банка.